*Број: 02 - 17110/2*
*28.12.2010 година*
*С к о п ј е*

***ЗАПИСНИК***
***од XC -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на на 24.11.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Ирфан Хоџа, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарџиева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*

- *Виолета Петровска, директор на секторот за контрола (делумно присутна);*
- *Кристина Христова, ВД директор на секторот за фармација (делумно присутна);*
- *Вера Митровска, републички внатрешен контролор (делумно присутна);*
- *Владимир Димковски, раководител на одделението за план и анализа (делумно присутен);*
- *Ана Петрова, раководител на одделението за контрола (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори и водеше претседателот Елена Трпковска. На почетокот утврди дека на седницата се присутни шест членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, по што го изложи претходно доставениот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.10.2010 година;*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Информација за спроведувањето на антикризните мерки;*
3. *Информација за извршени контроли на здравствени установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места;*
4. *Информација за финансиските ефекти од плаќањето на привилегирана капитација на здравствените установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места - Финансиска анализа на руралноста;*
5. *Одлука за утврдување на оддалечени рурални места;*
6. *Одлуки и правилници за воведување на примарни пакети;*
7. *Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита;*
8. *Одлука за утврдување на референтни цени за специјалистички пакети;*
9. *Информација за издавањето на ортопедски помагала на товар на Фондот;*
10. *Финансиска анализа на издавањето на ортопедски помагала на товар на Фондот;*
11. *Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
12. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат*

*обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година – заради намалување по тимови;*

13. *Информација за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките;*
14. *Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година;*
15. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година, и усвојување на индексот по вид и обем за јавните здравствени установи за вториот квартал на годината;*
16. *Информација во врска со приговорот од ПЗУ Поликлиника Медика од Скопје;*
17. *Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар Свети Пантелејмон кои се на специјализација;*
18. *Барања од областа на работните односи;*
19. *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
20. *Разно*

*Потоа наведе дека од Фондот е побарано од дневниот ред да се симнат точките 2. Информација за спроведувањето на антикризните мерки, 5. Одлука за утврдување на оддалечени рурални места, 6. Одлуки и правилници за воведување на примарни пакети, 7. Одлука за утврдување на референтни цени на пакети на услуги во примарната здравствена заштита, 8. Одлука за утврдување на референтни цени за специјалистички пакети, 11. Правилник за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала, 14. Информација за поднесените забелешки на Одлуката за утврдување на предлог референтни цени на лекови од 21 октомври 2010 година 15. Одлука за изменување и дополнување на одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година, и усвојување на индексот по вид и обем за јавните здравствени установи за вториот квартал на годината, 16. Информација во врска со приговорот од ПЗУ Поликлиника Медика од Скопје, 17. Издавање на факсимили на лекари од Стоматолошкиот клинички центар Свети Пантелејмон кои се на специјализација и 18. Барања од областа на работните односи, а дневниот ред да се дополни со разгледување на точките:*

- *Финансирање на примарната здравствена заштита во здравствените домови;*

- *Информација за Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ; и*
- *Одлука за утврдување на формата и содржината на анекс на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради обезбедување на ортопедски и други помагала за осигурените лица.*

*Управниот одбор ги прифати предлозите, по што едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од LXXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.10.2010 година;*

1. *Ликвидност на ФЗОМ;*
2. *Информација за извршени контроли на здравствени установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места;*
3. *Информација за финансиските ефекти од плаќањето на привилегирана капитација на здравствените установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места - Финансиска анализа на руралноста;*
4. *Информација за издавањето на ортопедски помагала на товар на Фондот;*
5. *Одлука за утврдување на формата и содржината на анекс на договор што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради обезбедување на ортопедски и други помагала за осигурените лица;*
6. *Финансиска анализа на издавањето на ортопедски помагала на товар на Фондот;*
7. *Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година – заради намалување по тимови;*
8. *Информација за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките;*
9. *Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
10. *Финансирање на примарната здравствена заштита во здравствените домови;*
11. *Информација за Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ;*
12. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од LXXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.10.2010 година;*

*Управниот одбор без забелешки едногласно го усвои записникот од LXXXIX -та седница на Управниот одбор одржана на 21.10.2010 година.*

***ТОЧКА 1*** *- Ликвидност на ФЗОМ*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред, директорката Парнарџиева – Змејкова го запозна Управниот одбор со состојбата на ликвидноста на Фондот на 17.11.2010 година.*

***ТОЧКА 2*** *- Информација за извршени контроли на здравствени установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова наведе дека контролите на амбулантите во руралните места на кои Фондот им плаќа привилегирана капитација покажаа дека за многу мал број осигуреници се плаќа многу. Најголема контроверза што ја покажаа контролите е што поголемиот број на осигурените лица во руралните подрачја не ги избираат лекарите што се платени како рурални, туку избираат други лекари во градовите. На тој начин за овие осигурени лица Фондот плаќа двапати, еднаш на руралниот лекар кого не го избрале и втор пат на избраниот лекар во градот преку капитација. Ваквата состојба ја поставува пред Фондот потребата за ревидирање на начинот на плаќање на руралните лекари и изнаоѓање на подобри начини за обезбедување на здравствена заштита на осигурените лица во руралните места. За таа цел во Фондот се работи на изготвување на критериуми за утврдување на оддалечени рурални места кои ќе бидат презентирани на Управниот одбор на следната седница.*

***ТОЧКА 3*** *- Информација за финансиските ефекти од плаќањето на привилегирана капитација на здравствените установи во местата кои се утврдени како оддалечени рурални места - Финансиска анализа на руралноста*

*Оваа информација заради поврзаноста на материјата беше презентирана заедно со информацијата од точка 3.*

*ТОЧКА 4 - Информација за издавањето на ортопедски помагала на товар на Фондот*

*Објаснување по оваа точка даде Ана Петрова. Таа наведе дека со Законот за лекови и медицински помагала прометот на мало на медицинските помагала може да се врши во аптеки и како и во други специјализирани продавници. За непречено и континуирно снабдување на осигурениците со потребните ортопедски помагала во 2010 година, Фондот склучи договори со 90 правни лица регистрирани за производство и промет на медицински помагала (ортопедски и други помагала), специјализирани продавници кои вршат промет на мало со медицински помагала, како и со 166 аптеки. Со извршена контрола во предметите и во компјутерската евиденција на Фондот, се утврди дека аптеките кои имаат склучено договор со Фондот вршат снабдување, складирање, чување и продажба на ортопедските и други помагала. Поради големиот број на договорни субјекти и неможноста истите во континуитет да се контролираат, пред се заради комплексниот начин на кои се врши истата, се предлага договори за обезбедување на ортопедски и други помагала за 2011/2012 година, да се склучуваат само со правни лица регистрирани за производство и промет на медицински помагала (ортопедски и други помагала) како и специјализирани продавници кои вршат промет на мало со медицински помагала. На тој начин Фондот ќе биде во можност да врши редовни месечни контроли на сите договорни субјекти пред да се исплатуваат средства по доставените месечни фактури. Со континуираните месечни контроли на препишани и издадени ортопедски помагала, ќе се спречи каква било можност за преземање на незаконски дејствија од страна на лекарите, осигурените лица и ортопедските куќи, и значително ќе се подобри квалитетот на услугите за осигурените лица.*

*По ова, Виолета Петровска го запозна Управниот одбор со работата на комисијата на Фондот на новиот Правилник за индикации за остварување на право за ортопедски и други помагала. Наведе дека причините поради кои се пристапи кон ревидирање и измени на постоечкиот Правилник се неколку, и тоа: анализите направени од стручните служби на Фондот покажуваат пораст на трошоците за ортопедски помагала; зајакнување на контролните механизми кај субјектите што даваат препорака за потреба од ортопедски помагала, како и субјектите кои вршат испорака на ортопедски помагала; зајакнување на работата на лекарските комисии со давање на мислење и препораки како филтер при заверка на препишани потврди од страна на здравствените работници кои имаат право за препишување; превенирање на евентуални злоупотреби при утврдувањето на правото и издавањето на ортопедски помагала; и овозможување осигурените лица кои имаат реални потреби да добијат соодветно ортопедско помагало.*

*По излагањето на Виолета Петровска, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања и дискутираа во врска со насоките во кои треба да се движи работата на новиот правилник, по што едногласно беше донесен*

***Заклучок:*** *Комисијата која работи на новиот правилник, врз основа на согледувањата за злоупотребите поврзани со ортопеските и другите помагала, да се насочи кон зајакнување на контролните механизми заради нивно намалување.*

*Потоа Јасмина Смилевска го запозна Управниот одбор со неоснованото препишување и издавање на ортопедски помагала -инвалидски колички на осигурените лица од Прилеп. Констатирано било дека доктори вработени во Општата болница во Прилеп без основ издавале потврди за потреба од ортопедско помагало - инвалидска количка за осигуреници кои биле лекувани во здравствената установа. Издадените потврди за потребата од ортопедско помагало -инвалидска количка биле заверени во Фондот за здравстевено осигурување - Подрачна служба Прилеп. Со контрола во домот на осигурените лица на чие име е извршена заверка на потврда за потреба од инвалидска количка, се утврди дека овие осигурени лица воопшто не подигнале инвалидски колички. Од увидот во медицинската и финансиска документацијата доставена од ортопедските куќи Медикус Хелп и Бауерфејнд од Скопје во Подрачната служба Скопје, се утврди дека кон фактурите се приложени и потврди за потребата од ортопедско помагало потпишани од осигурените лица, но инвалидските колички не биле испорачани.*

*Поради ова, согласно одредбите од договорот што Фондот го има со Медикус Хелп и Бауерфејнд, Комисијата за изрекување на договорни казни врз основа на записниците од извршени контроли го раскина договорот со овие правни лица со 05.10.2010 година. И едните и другите веднаш по добивање на известувањето за раскинување на договорот, поднесоа понуди за склучување на нови договори за 2010 година.*

*Директорката Парнарциева – Змејкова додаде дека Медикус Хелп и Бауерфејнд бараат нов договор да им се склучи од 01.12.2010.*

*По ова, Управниот одбор едногласно застана на ставот дека новиот договор треба да се склучи од 01.12.2010 година.*

***ТОЧКА 5*** *- Одлука за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради обезбедување на ортопедски и други помагала за осигурените лица*

*По дискусијата во рамките на точката 4 од дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Одлука***
***за утврдување на формата и содржината на анексот на договорот што Фондот за здравствено осигурување на Македонија го склучува со здравствените установи заради обезбедување на ортопедски и други помагала за осигурените лица***

*со кој се овозможува продолжување на важењето на договорите за издавање на ортопедски и други помагала од 31.12.2010 до 31.03.2011 година.*

*ТОЧКА 6 - Финансиска анализа на издавањето на ортопедски помагала на товар на Фондот*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор ја разгледа Финансиската анализа на издавањето на ортопедски помагала. Анализата, опфаќа приказ на вкупните средства потрошени за ортопедски помагала, структурата на потрошените средства по видови на ортопедски помагала, преглед на трендот на користењето на одделни видови помагала по години и по подрачни служби, а пред Управниот одбор ја изложи Владимир Димковски. По неговото излагање, членовите на Управниот одбор поставуваа прашања а претставници на Фондот даваа објаснувања.*

*ТОЧКА 7 - Одлука за изменување и дополнување на одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година – заради намалување по тимови*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова наведе дека согласно Правилникот за утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средства кои здравствената установа може да ги добие за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот, заради намалување во бројот на стручниот кадар во одредени аптеки, од стручната служба за нив се направени нови пресметки на квоти кои се предлагаат за усвојување од Управниот одбор.*

*Управниот одбор предлогот го прифати, по што едногласно донесе*

*со која се изврши изменi на квотите на седум аптеки.*

*ТОЧКА 8 - Информација за реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките*

*Во рамките на оваа точка на дневниот ред, Управниот одбор се запозна со реализацијата на месечниот износ на средства на аптеките според прегледот изготвен по подрачни служби.*

*ТОЧКА 9 - Разгледување на листата на пријавени кандидати на конкурсот за именување на директор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*По оваа точка на дневниот ред, Ирфан Хоџа ги запозна членовите на Управниот одбор дека конкурсната комисија за спроведување на конкурсот за именување на директор на Фондот чиј претседател е, пред почетокот на оваа седница одржа состанок. На состанокот беа разгледани пристигнатите пријави по конкурсот кој беше објавен на 09.10.2010 година. Комисијата за ова состави записник кој се доставува на Управниот одбор. Обврска на Управниот одбор е оваа листа да ја достави на министерот за здравство кој согласно законот за здравственото осигурување треба до Владата на Република Македонија да достави предлог за именување на директор на Фондот.*

*Управниот одбор ја разгледа листата на пријавени кандидати по што едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Листата на кандидати да се достави на министерот за здравство заради негово постапување согласно законските прописи*

*ТОЧКА 10 - Финансирање на примарната здравствена заштита во здравствените домови*

*Владимир Димковски го изложи концептот за финансирање на примарната здравствена заштита во здравствените домови на кој се работи во Фондот. Притоа, го запозна Управниот одбор дека за оваа цел се работи на пакети на услуги од примарната здравствена заштита со кои здравствените услуги ќе*

*бидат фактурирани кон Фондот во форма на пакети, во чија цена е вклучена работната сила, лековите, потрошниот материјал, амортизацијата, горивото и режиските трошоци.*

*Директорката Парнарџиева – Змејкова побара од Управниот одбор поддршка за овој концепт, по што за следната седница би можеле да бидат изготвени цени на услугите.*

*Членовите на Управниот одбор потоа поставуваа прашања, изнесуваа мислења за предложениот концепт, и укажаа дека со овој предлог ќе се подобри значително вреднувањето на превентивните тимови и трошоците согласно меѓународната пракса. На крајот, беше дадена поддршка на концептот за финансирање на примарната здравствена заштита во здравствените домови и стручните служби беа задолжени да изготват предлог за утврдување на референтни цени во примарната здравствена заштита, и презентација на концептот пред синдикалната организација.*

***ТОЧКА 11***- *Информација за Листата на лекови кои паѓаат на товар на ФЗОМ;*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, директорката Парнарџиева – Змејкова го извести Управниот одбор за актуелноста на барањата за вклучување на нови лекови во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот. Барањата доаѓаат од различни страни, се однесуваат претежно на вклучување на нови лекови, и се доставуваат до Комисијата за позитивната листа при Министерството за здравство. На сите овие барања од Фондот се одговара дека за вклучување на нови лекови најнапред треба да се обезбедат средства. Поради тоа, размислувањата треба да се насочат кон обезбедување на средства.*

***ТОЧКА 12*** - *Разно*

*Бидејќи под точката разно немаше предлози за разгледување, по информацијата од точка 11 Управниот одбор во 16.10 часот заврши со работата на ХС -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Елена Трпковска***